**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-2414/2**

# З А П И С Н И К

**Од 62-ра седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 24.04.2018 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемдалија-зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Косана Николиќ Мазнева,Ивана Трајковска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамдани,Ристе Панов и Златко Јанковски. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека, Гајур Рамадани, Анита Латифи. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација,Стојан Трпчевски-уредник на Информативна програма и Драган Николовски-спортска редакција. |

Седницата започна во 12:45 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на запиникот од 61-ва седница на Програмски совет на МРТ.

2. Дискусија со уредниците на програмските сервиси во МТВ во врска со емитуваната програма во 2017 година,за планот и досегашното остварување во 2018 година,и квалитетна анализа со насоки и планови за подобрување во 2018 и 2019 година.

3. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на запиникот од 61-ва седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 61-ва седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 61-ва седница беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно го усвои записникот од 61-ва седница.

**ТОЧКА 2:Дискусија со уредниците на програмските сервиси во МТВ во врска со емитуваната програма во 2017 година,за планот и досегашното остварување во 2018 година,и квалитетна анализа со насоки и планови за подобрување во 2018 и 2019 година.**

На почетокот беа повикани уредниците од две редакции на МТВ-Информативната и Спортската редакција Стојан Трпчевски и Драган Николовски.
Претседателката на советот на почетокот објасна на уредниците која е целта за која се поканети односно бидејќи во моментот нема Одоговрен уредник на првиот сервис, се одлучи да се поканувaат на расправа сите уредници на поголемите редкации како пред советот би ги презентирале и би дискутирале по однос на прогармата која ја реализирале во 2017 нивните редакции и онаа која следува во наредната година.
Прв збор доби Стојан Трпчевски уредник на Информативната програма во МТВ кој пред присутните ја наведе во кратки црти програмта која се реализира во 2017 година а била задача на Информативната редакција.Стојан се наврати на многу успешни емисии и проекти од изминатата година притоа спомна и дека како успешно реализирани во 2017 година се и едни избори односно Локалните избори 2017 за кои се добиени само позитивни отценки од сите релевантни фактори во државата.Потоа уредикот на Информативна објасни пред присутните дека редакцијата подготвува и емитува неколку емисии од кои дел се сопствено производство, а дел се заедничка реализација со надворешни продукции однсоно копродукција, дел од тие емисии се под надлежност на Главниот и одговорен уредник во МТВ, но бидејќи МТВ во моментов нема таков уредник тие емисии се реализираат преку Инфомративната програма.За подобрување на програмата во својата редакција Трпчевски како главен фактор го наведе внатрешното организирање односно поставеноста во редакцијата и севкупно во целиот сервис однсоно дека мора да има подобра внтрешна организација како почетен чекор, доколку МРТ сака да постигне подобра програма, а со тоа и поглема гледаност.Како конкретни примери за подобрување на програмата уредникот ги наведе тоа што МТВ мора да има за почеток освен утринска програма и попладневна програма дополнително,исто така треба да има специјализирани програми од најразлични области како што се здравство,културата,социјалните теми и сл.
Членот на советот Снежана Клинчарова по воведнотот излагање на Трпчевски со забелешка и коментар дека освен што премалку е застапена културата во утринската програма на МТВ најмоногу пречи и тоа што најголем дел од прилозите кои се емитуваат во утринската се спуштени од интернет наместо да бидат тоа сопствени прилози од настани во државата како што доликува на една национална телевизија,мој став е продолжи Клинлчарова дека утринската програма треба да биде простор каде што власта,опозиицијата,невладините организации,јавни и државни претпријатија,најразлични клубови и сл,ќе ги дообјаснуваат и ќе ги рпезентираат подетално своите активности.
Претседателката на советот со прашање во врска со новите медиуми кои се тренд во светот односно дали Информативната програма на МТВ своите емисии и проекти се емитуваат и на ВЕБ страната и дали се пренесуваат на други платформи надвор од МТВ.Трпчевски со одговор дека емисиите се емитуваат на ВЕБ страната на МРТ,но така е поставено внтрешно во куќата да постоти посебно одделение за ВЕБ на кое ние како редакција само им препраќаме наш материјал а понатака сето останато е нивна работа.
Членот Ристе Панов со генерална отценка од негова страна дека Информативната програма на МТВ добро си ја врши својата работа и постави прашање како во моментво функционира

допсината мрежа на МТВ.Уредникот Трпчевски прво објасни дека таа редакција односно Допсината редакција од некои чудни причини е под надлежност на Директорот на МТВ,а што се однесува до самата дописна мрежа како една од најважните редкации во МРТ истата е многу лоша ако не и најлоша од сите редакции,цела мрежа функционира со само три или четири дописници на терен кои секако неможат да стигнат да покријат цел терен на територијата на целата држава,ашто се однесува до ресурсите со кои работат безпредметно е да се говори.Ивана Трајковска со прашање до уредникот дали новинарите кои се испраќаат на терен имаат линковски ранчиња за известување од настани.Трпчевски да имаме две или три но се користат само локлано на некои помали настани.
Илир Рамадани праша дали има соработка со локални новинари и телевизии по однос на размена на информации и вести.Трпчевски со одговор дека за истото имаше средби и договарања но до денес не профункционира таквиот начин на известување.
Ведат Мемедалија ги запрша уредниците дали се запозанти со две опомени кои пристиганле од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се доставени поради непочитување на правилото за емитување на програма од сопствено поризводство.Уредникот Трпечевски истакна дека не е запознат сеуште, додека Николовски посочи дека истото може да е настанато поради Зимските олмписки игри ко и помнаа а беа емитувани на програмите на МТВ,однсоно бидејќи имаше целодневни и целовечерни емитувања на ЗОИ,МТВ не беше во можност да емитува друга програма.
Потоа се продолжи со уредникот во Спорстката програма Драган Николовски кој пред присутните ја наведе во кратки црти програмта која се реализира во 2017 година а била задача на Спортската редакција во МТВ додавајќи дека таа е најобемна од сите редакции во МТВ а и најгледана од гледачите, и додаде дека за изминатата 2017 година таа броела на 300 преноси од спортски настани низ државата и ширум светот изреализирана од 6 вработени во редакцијата.Што се однесува до годината која е пред нас 2018 истата ја започнавме успешно со Зимските олимписки игри 2018, а не очекува исто така грандиозен настан Светско фудбалско првенство во Русија со пренос на 64 фудбалски натпревари,емисии и настани од истото,со напомена дека сега исклучок е тоа што нема директно да присуствуваме какко редакција од лице место со коментатори, како што беше примерот со изминатото Европско првенство во фудбал,и затоа ова фудбалско натпреварување ќе биде малку во тој сегмент посиромашно, но секако ќе се потрудиме како редакција тоа да не се „забележи“ од страна на гледачите, и да биде се во најдобар ред,истакна уредникот Драган Николовски.Уредникот во спортската програма на МТВ се задржа и на периодот кој следува и истакна дека во периодот кој не очекува по Светското првенство во фудбал, прогнозите се дека ќе биде најсиромашниот период во изминативе години, бидејќи се случува еден регионален тренд каде што националните куќи ја губат битката со приватните регионални спортски канали за добивање права за реализација и пренос на спортски настани,бидејќи иститe се многу моќни од финансиски аспект ги добиваат сите поголеми спортски настани, и затоа голема е веројатноста од септември спортската програма на МТВ да биде многу сиромашна.
Членот на советот Златко Јанковски со забелешка до уредникот Николовски по однос на тоа што прифатиле да нема коментатори на лице место од Светското првенство во Русија,дека голем дел за неприсуството е и ваша кривица како редакција, што самите како редакција не сте се избориле за таков голем настан да присустувате таму како коментатори, а со тоа и преносот да биде онаков како што доликува на една националана ТВ куќа, и во врска со сите овие случувања апелирам до менаџментот на куќата да направат напори да се испрати екипа коментатори од Спортската редакција на МТВ во Русија на престојното Светско фудбалско првенство,како би се задржал квалитетот на преносот од еден таков грандиозен спортски настан.

**ТОЧКА 3: Разно.**
По оваа точка членот Ивана Трајковска предложи во иднина на некоја наредна седница да се разгледа неприсуството на членот Агим Лека на седниците на советот односно законските обврки кои Програмскиот совет ги има околу истото.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател